KFC North Macedonia бара

# Координатор за маркетинг

Сакаме навистина да ги разбереш луѓето и нивните желби, а потоа тие идеи да ги претвориш во нови производи кои сите ќе ги обожаваат!
Ќе бидеш вклучен/а во сите фази на пласирање нов производ на пазарот – од првичниот концепт, па сè до неговото лансирање.
А доколку мислиш дека тоа не е доволно динамично за твоето секојдневие, ќе имаш можност да координираш различни аспекти од нашите проекти, каде што твоите вештини за решавање проблеми ќе дојдат до полн израз!

## Работни одговорности:

• Координирање и реализација на маркетинг кампањи за промоција на тековните иницијативи на компанијата, лансирање нови производи и развој на пазарот;
• Мерење и анализа на резултатите од маркетинг кампањите;
• Идентификување можности за зголемување на препознатливоста на брендот, ангажираноста на клиентите и изложеноста пред потрошувачите;
• Соработка во сите онлајн иницијативи со цел зголемување на интеракцијата со клиентите, вклучувајќи социјални медиуми, блогови и електронски комуникации;
• Идентификување и управување со бази на податоци на клиенти;
• Поддршка при развојот на производи, вклучувајќи дизајнирање и управување со лансирањето на нови производи;
• Собирање и анализа на маркетинг податоци;
• Подготовка на извештаи за добиените резултати, нивно визуелно презентирање и интерпретирање на комплексни податоци на јасен и разбирлив начин.

## Кого бараме?

• Луѓе со одлични идеи, позитивна енергија и насмевка;
• Завршено високо образование – Bachelor или Master во областа на маркетинг, бизнис или сродна област;
• Најмалку 2 години работно искуство во маркетинг или на слична позиција;
• Одлични организациски и комуникациски вештини;
• Одлични интерперсонални вештини и емпатија;
• Одлични аналитички способности, како и способност за работа со интегритет, професионалност и доверливост;
• Напредно познавање на основните компјутерски програми, вклучувајќи ги MS Office апликациите.

## Што нудиме?

• Здравствено осигурување;
• Професионални обуки во земјата и странство;
• Бесплатен дневен оброк во KFC;
• 20% попуст при секое дополнително купување;
• Бесплатна храна и пијалаци во канцеларијата;
• Службено возило на располагање во текот на работното време;
• Електронски уреди за работа (телефон, лаптоп и други уреди);
• Одлична работна култура и позитивна работна атмосфера.